ЦРВЕН КРСТ
на Република Северна Македонија
Бр. 0202-1089/1
28.12.2020 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 32 став 1 т.8 од Статутот на Црвениот крст на Република Северна Македонија за донесување на одлуки помеѓу две седници на Раководниот одбор на Црвен крст на РСМ, донесени од Претседателот и Потпретседателите на Црвениот крст на РСМ, а во согласност со овластувањето кое го даде Раководниот одбор на Црвениот крст на РСМ на својата 31ва седница одржана на ден 22.12.2020 година, Претседателот на ден 28.12.2020 година донесе

**ОДЛУКА**
**за висина на надоместокот за предавачи и демонстратори на курсна настава по прва помош за кандидати за возачи**

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на надоместокот за предавачи и демонстратори на курсна настава по прва помош за кандидати за возачи.

Член 2

Висината на надоместокот за предавачи на курсна настава по прва помош за кандидати за возачи изнесува 275,00 денари нето износ за еден час.

Член 3

Висината на надоместокот за демонстратори на курсна настава по прва помош за кандидати за возачи изнесува 130,00 денари нето износ за еден час.

Член 4

Со оваа одлука се укинува Одлуката за висината на надокнадата за за предавачи и демонстратори на курсната настава по прва помош за возачи (бр.02-505/1 од 23.05.2008 година).

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседател,

Проф.д-р Ромел Велев

ДН:
- ООЦК/ЦКГС
- Сектори/одделенија
- Служба за финансии и ревизија
-архива